РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности за месец ноември 2022

Декември, 2022

Содржина


Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ........ 1

Испит за административно управување ........ 2

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ........ 3

Соработка со други институции и меѓународна соработка ........ 4

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ........ 5

Јавни набавки ........ 5

Реализација на буџет ........ 6

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец ноември 2022 година примени се 141 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, запрени се 3 барања, објавени се 116 огласи, за вкупно 244 работни места за вкупно 259 извршители. За институциите од централната власт објавени се 57 јавни огласи за 141 работни места со 147 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 59 јавни огласи за 103 работни места со 112 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | Вкупно | Институции од централната власт | | | | | Институции од локалната власт | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| 141 | 3 | 116 | | 57 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 59 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 244 | | 17 | 96 | 28 | 141 | | 16 | 55 | 32 | 103 |
| Извршители | | | 259 | | 18 | 101 | 28 | 147 | | 39 | 57 | 16 | 112 |
| Број на пријавени кандидати | | | 1558 | | 56 | 925 | 312 | 1293 | | 33 | 137 | 95 | 265 |
| Завршиле со објавување на Одлука за избор | | | 77 | 62 | 10 | 76 | 23 | 109 | 15 | 3 | 10 | 5 | 18 |

*Табела 1. Јавни огласи ноември 2022*

Во истиот период ноември 2022 година спроведени се 80 административни селекции за пријавени 1147 кандидати, спроведени се 74 испити на кои што се поканети 297 кандидати, од кои полагале 119 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 81 огласи за 294 кандидати. Интервју е спроведено на 81 огласи со вкупно 165 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 81 огласи и предлог за избор на 163 кандидати, а од 77 спроведени огласи објавени се вкупно 127 одлуки за избор на кандидати за вработување.

| Административни селекции | | Спроведени Испити | | | Спроведени проверки на веродостојност на докази | | Интервјуа | | Конечни ранг листи | | Примени и објавени Одлуки за избор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| огласи | кандидати | огласи | кандидати | | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати |
| | | | поканети | полагале | | | | | | | | |
| 80 | 1147 | 74 | 297 | 119 | 81 | 294 | 81 | 165 | 81 | 163 | 77 | 127 |

*Табела 2. Спроведени активности по огласи ноември 2022*

Во Агенцијата за администрација во месец ноември 2022 година примени се 35 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, објавени се 35 огласи, за вкупно 97 работни места за 100 извршители. За институциите од централната власт објавени се 21 интерни огласи за 74 работни места со 76 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 14 интерни огласи за 23 работни места со 24 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | **Вкупно** | **Институции од централната власт** | | | | | **Институции од локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| 35 | / | 35 | | 21 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 14 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 97 | | 30 | 43 | 1 | 74 | | 4 | 19 | / | 23 |
| Извршители | | | 100 | | 30 | 45 | 1 | 76 | | 4 | 20 | / | 24 |

*Табела 3. Интерни огласи ноември 2022*

## Испит за административно управување

Во текот на месец ноември 2022 година спроведени се 10 испити за административно управување на кои се пријавиле 116 кандидати. Од нив на испитот се појавија 73 кандидати од кои испитот го положиле 58 кандидати (79%), а не го положиле 15 кандидати. Од кандидатите кои што се пријавени 79 се вработени во јавен сектор, 14 во приватен и 23 се невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | Положиле | Неположиле | Јавен сектор | Приватен сектор | Невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | 116 | 73 | 58 | 15 | 79 | 14 | 23 |

*Табела 4. Административно управување ноември 2022*

## Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец ноември 2022 година беа поднесени **51** жалби и приговори на административните службеници, од кои **44** жалби и приговори на државните службеници и **7** жалби на јавните службеници.

Во месец ноември во просториите на Агенцијата за администрација беа одржани **9** седници, на кои беше одлучено по **28** жалби и приговори, од кои **25** жалби и приговори на државните службеници и **3** на јавни службеници. Поради барање на дополнителни податоци и одредени списи, **34** предмети, од ноември преминуваат во декември 2022 година.

Од вкупниот број на одлучени жалби и приговори на државните службеници (вкупно **25**): **11 жалби** се одбиени, уважени се **12** и **2 жалби** се отфрлени.

Од вкупниот број на јавните службеници (вкупно **3** ): уважена е **1** жалба и **2** се отфрлени.

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | Уважени | | Одбиени | | Отфрлени како недозволени | | Отстапени на друг орган | | Повлечени од подносител | | Не надлежност | | Мериторно уважени | | Мериторно одбиени | | Запрена постапка | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 44 | 7 | 25 | 3 | 12 | 1 | 11 | / | 2 | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

*Табела 5. Обработени жалби во ноември 2022*

## Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец ноември 2022 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 15 предмети од кои 3 се однесуваа на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 12 предмети се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, судови, граѓани и други, и тоа: Управен суд (2); Виш управен суд (1); Врховен суд (1); Државно правобранителство на Република Северна Македонија (3); Народен правобранител (1); Агенција за промоција и поддршка на туризмот (1); Државен музичко балетски училишен центар „Илија Николовски Луј“ – Скопје (1); Граѓани (1) и анонимно (1).

Во текот на месец ноември 2022 година, вработени од Агенцијата присуствуваа на:

- Присуство на завршна конференцијана тема „Грижи се машки- Од свесност до вклученост: Вклучување на мажите во превенција на родово насилство и работа со сторители со фокус на безбедност на жртвата “, реализирана на 22.11.2022 година во х.Мериот, по покана на Реактор-истражување во акција и Хера-Асоцијација за здравствена едукација и истражување;

- Присуство на обука на тема од областа на сметководството, даноците, работните односи, пописот и подготвителните работи пред завршната сметка, реализирана преку веб апликација на 16.11.2022 година, по покана од Економско правен консалтинг ФВ-Скопје ;

- Присуство на обука на тема: „Анализа на примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер со препораки за унапредување на системот за слободен пристап до информации“ реализирана на 18.11.2022 година, по покана од Правоматика-Скопје;

- Присуство на работилница за развивање на стандарди на високообразовани квалификации во рамките на Твининг проектот„Понатамошна поддршка за имплементирање на Националната рамка на квалификации“, реализирана на 15.11.2022 година, по покана од Министерство за образование и наука.

- Присуство на „Регионална конференција на одредени теми за човечки ресурси, за дигитализација и промовирање на јавната администрација“, реализирана во Белград во периодот од 23-25.11.2022 година, по покана и организација на Фондација Hanns Seidel, ( службен пат на релација Скопје-Белград-Скопје).

## Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата пристигнати се вкупно 45 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои одговорени се 24 електронски пораки, неодговорени 3, а за 18 електронски пораки е постапено согласно дадени насоки од надлежното раководно лице.

# Јавни набавки

Во текот на месец ноември 2022 година, склучен е 1 договор за јавна набавка со вредност од 980.000,00 денари без ДДВ или 1.156.400,00 денари со вклучен ДДВ.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| / | / | / | 1 |

*Табела 6. Јавни набавки ноември 2022*

# Реализација на буџет

Во месец ноември 2022 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2022 година | Реализација на буџетот до 30.11.2022 | Реализација на буџетот од 01.11.2022 – 30.11.2022 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2022 |
|---|---|---|---|---|
| **401- основни плати** | 22.300.000,00 | 20.144.879,00 | 1.800.324,00 | 2.155.121,00 |
| **402-придонеси за социјално осигурување** | 8.680.000,00 | 7.838.045,00 | 700.113,00 | 841.955,00 |
| **420-патни и дневни расходи** | 105.000,00 | 74.867,00 | 0 | 30.133,00 |
| **421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 4.840.000,00 | 3.640.466,00 | 316.657,00 | 1.199.534,00 |
| **423-материјали и ситен инвентар** | 555.000,00 | 453.615,00 | 157.588,00 | 101.385,00 |
| **424-поправки и тековно одржување** | 1.690.000,00 | 1.215.221,00 | 4.524,00 | 474.779,00 |
| **425-договорни услуги** | 1.097.000,00 | 614.418,00 | 152.904,00 | 482.582,00 |
| **426-други тековни расходи** | 400.000,00 | 214.291,00 | 17.484,00 | 185.709,00 |
| **464-разни трансфери** | 364.000,00 | 362.996,00 | 0 | 1.004,00 |
| **480-купување на опрема и машини** | 645.000,00 | 549.620,00 | 0 | 95.380,00 |
| **485-вложување и нефинансиски средства** | 2.800.000,00 | 1.158.621,00 | 163.590,00 | 1.641.379,00 |
| ВКУПНО | **43.476.000,00** | **36.267.039,00** | **3.313.184,00** | **7.208.961,00** |

*Табела 6. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*